| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА МАГИСТРАЛЕН ГАСОВОД ДЕЛНИЦА: СВЕТИ НИКОЛЕ – ВЕЛЕС ОПШТИНА СВ.НИКОЛЕ ОПШТИНА ЛОЗОВО И ОПШТИНА ВЕЛЕС** |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | **ДИК ЧАКАР-ПАРТНЕРС**<br>Ул. Народен фронт 5-IV/9, Скопје<br>бр. на лиценца за изработување на урб. планови – 0086<br>бр. на лиценца за проек. на градби од прва категорија П.019/А |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт на РСМ |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | **Татјана Ветеровска, дипл.инж.арх.**<br>Планер потписник - број на овластување 0.0657 |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | Ул. Народен фронт 5-IV/9, Скопје |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Овој проект е дел од инвестициoно проектната документација за магистралните гасоводи во Република Северна Македонија, насловен како Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод, Делница: Свети Николе – Велес, општина Св.Николе, општина Лозово и општина Велес.<br>Инвеститор на проектот е Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС АД Скопје во државна сопственост.<br>Проектот се изработува на основа на веќе изработена Физибилити студија за гасоводен систем на Република Северна Македонија со Идејни проекти, финансирани од страна на Министерство за транспорт и претставува само еден дел од проектот за гасификација на Република Северна Македонија.<br>Во продолжение во оваа документација на ниво на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план ќе биде разработена трасата на Магистралниот гасовод, Делница 8:<br>Свети Николе – Велес и кракот на гасоводот кон градот Свети Николе во Република Северна Македонија.<br>Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод, Делница: Свети Николе – Велес, се изработува врз основа на Услови за планирање на просторот за изградба на магистрален гасовод на делница Св.Николе – Велес со тех.бр. Y06121 од август 2021 со решение за Услови за планирање на просторот бр. УП1-15 1364/2021 и дополна на Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y06121i од февруари 2025 со Решение за дополна на УПП бр.15-1066/2 од 24.03.2025 кои произлегуваат од Просторниот план на Р.Македонија 2002 – 2020.<br>УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН се изработува врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:<br>- Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25);<br>- Правилник за Урбанистичко Планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23);<br>- Закон за Градење (Сл. весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и (Сл. весник на РСМ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25 и 101/25). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да X<br>Не ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да - Енергетика |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |

| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
|---|---|---|---|

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Да.<br>Согласно член 57 од Законот за Градење (Сл. весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и (Сл. весник на РСМ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25 и 101/25), магистралниот гасовод кој се предвидува со оваа проектна документација, спаѓа во објекти од ПРВА КАТЕГОРИЈА.<br>Меѓутоа, согласно Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл. весник на РМ бр. 74/05, 109/09, 164/12 и 202/16 и Сл. весник на РСМ бр. 175/22), Проектот припаѓа во Прилог II - Проекти за кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина (Генерално определени проекти), Точка 3. Енергетика - б. Индустриски инсталации за пренос и дистрибуција на гас, пареа и топла вода и за пренос и дистрибуција на електрична енергија со површински водови (проекти што не се вклучени во Прилог I). За таа цел до Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), како надлежен орган за вршење на стручни работи од областа на животна средина, кој ја утврдува потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, беше доставено Известување за намера за изведување на проектот. Од страна на МЖСПП беше добиено мислење дека не треба да се спроведува постапка за оцена на влијание врз животната средина, а Инвеститорот е должен да изготви Елаборат за заштита на животната средина. Елаборатот за заштита на животната средина беше доставен до МЖСПП и одобрен од страна на Министерството со Решение со Арх. Бр. УП1-11/4-691/2021 од 11.06.2021 година. |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Не.<br>Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект се протега на територијата на 3 (три) општини и тоа општина Свети Николе, општина Лозово и општина Велес.<br>Проектниот опфат геодетски се протега на следните катастарски општини: КО Ерџелија вон - град, КО Свети Николе вон - град, КО Пеширово, КО Црнилиште вон - град, КО Аџиматово, КО Лозово вон - град, КО Милино вон - град, КО Милино, КО Каратманово вон - град, КО Ново Село, КО Чалошево и КО Велес.<br>Површината на проектниот опфат изнесува 650848.1 м$^2$ (65.08 ха).<br>Должината на главната траса изнесува 27688.00 м', а на кракот кон ГМРС 11 - Св.Николе 383.00 м', што значи дека вкупната должина на главната траса со кракот е $L_{вк}$ = 28070.71 м' или околу 28 км. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Проектот се изработува на основа на веќе изработена Физибилити студија за гасоводен систем на Република Северна Македонија со Идејни проекти, финансирани од страна на Министерство за транспорт и претставува само еден дел од проектот за гасификација на Република Северна Македонија.<br>Во продолжение во документацијата на ниво на урбанистички проект вон опфат на |

| |
|---|
| урбанистички план е разработена трасата на Магистралниот гасовод, Делница 8: Свети Николе – Велес и кракот на гасоводот кон градот Свети Николе во Република Северна Македонија.<br>Цел и предмет на оваа планско - проектна документација е дефинирање на планските, програмските и проектните услови и параметри за изработка на техничка документација на ниво на Основен проект за изведба на Магистрален гасовод, делница Свети Николе - Велес. Со изградбата на овој магистрален гасовод ќе се создадат услови за решавање на голем број на проблеми што ги оптоваруваат урбаните заедници засегнати од овој проект, особено од економски аспект, како и за заштита на животната средина и аеро - загадувањето. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот- инфраструктура |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2025 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Трасата на гасоводот започнува источно од Свети Николе, а северно од селото Ерџелија, како приклучок на постоечкиот гасовод - Секција ЛОТ1 Клечовце – Кавадарци, кај Блок станица 2 (БС-02), продолжува југоисточно до реонот на Велес, кадешто завршува со Блок станица, Приемно чистачка станица и ГМРС Велес. На км 6+385.68 од главната траса се одвојува крак на гасоводот кон ГМРС-11 Свети Николе и Блок станица Св.Николе (БС - Св.Николе).<br>Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект се протега на територијата на 3 (три) општини и тоа општина Свети Николе, општина Лозово и општина Велес. |




**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☐
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**
**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)**

**Потенцијални влијанија врз животната средина од планскиот документ.**
Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на оваа предметна документација, може да се разгледуваат од аспект на идни

| | |
|---|---|
| придобивки, односно позитивни влијанија и од аспект на негативни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативните влијанија.<br>**Очекувани позитивни влијанија**<br>Со имплементација на планскиот документ, односно со изградбата на овој магистрален гасовод ќе се создадат услови за решавање на голем број на проблеми што ги оптоваруваат урбаните заедници засегнати од овој проект, особено од економски аспект, како и за заштита на животната средина и аеро - загадувањето.<br>Проектот ќе обезбеди природен гас за три општини во центарот на Северна Македонија (Свети Николе, Лозово и Велес) со вкупно население од околу 70.000 луѓе. Гасификацијата на областа: i) ќе го подобри локалниот квалитет на воздухот поради намалените емисии од нецентрализирано греење и ќе го намали влијанието врз јавното здравје поврзано со емисиите и ii) ќе го подобри квалитетот на животот на локалните заедници со непрекинато снабдување со гас што се користи за греење и готвење. Проектот ќе обезбеди и можности за натамошно проширување на дистрибутивната гасоводна мрежа во централниот дел на државата. Целокупното проширување на националниот систем за пренос на гас придонесува за енергетската ефикасност на земјата преку намалена загуба на енергија за греење и за овозможување поодржливо производство на енергија со зголемен удел на почисти енергетски ресурси.<br>**Очекувани негативни влијанија**<br>Со имплементација на планскиот документ се очекуваат негативни влијанија доколку планираните проектни активности не се управуваат соодветно.<br>Овој проект во согласност со националната легислатива за заштита на животната средина е проект за кој се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина и како што беше погоре споменато, очекуваните негативни влијанија се разработени во Елаборатот за заштита на животната средина и во истиот се дадени конкретни предлог мерки за нивно намалување или ублажување, односно за унапредување на животната средина.<br>Покрај ова, бидејќи за финансирање на изградбата на гасоводната делница беа побарани средства од Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБОР), во согласност со барањата на Банката беше изработена и Студија за оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти (ОВЖССА), во која е даден детален преглед на сите очекувани емисии и влијанија врз медиумите на животната средина и предлог мерки за нивно намалување, ублажување или избегнување, со цел заштита на животната средина.<br>Проектот е усогласен со Националната Стратегија за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година, која беше предмет на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС). Целите на Стратегијата прегледани за време на СОЖС вклучуваат префрлување на почисти извори на енергија и развој на мрежи за пренос на гас за да се подобри интеграцијата на енергетската инфраструктура на земјата. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекуваат негативни влијанија врз животната средина за време на изградба на магистралната гасоводна делница Свети Николе-Велес. Ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата и транспортот, отпадни води, отпад, бучава, вибрации, евентуални несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл. Влијанијата кои ќе се |

| | |
|---|---|
| | јават во фазата на експлоатација на објектот нема да бидат многу значајни, но со долгорочен карактер, имајќи го предвид фактот дека планираниот објект долгорочно ќе опстојува на оваа локација.<br>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата врз животната средина, е различна и истите се детално анализирани и оценети во рамки на двата подготвени документи за заштита на животната средина - Елаборатот за заштита на животната средина подготвен согласно националното законодавство и Студијата за оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти. За секое влијание во рамки на документите за заштита на животната средина предвидени се мерки за намалување, ублажување или избегнување на истото. Дополнително, во Студијата за ОВЖССА се вклучени и мерки за зголемување на корисните (позитивните) влијанија. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат значителни кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. Сите идентификувани тековни проекти во рамки на Студијата за ОВЖССА треба да бидат дизајнирани и изработени во согласност со националната регулатива, нивните специфични барања за заемодавци и Добрата меѓународна практика, со што ќе се намали потенцијалот за кумулативни влијанија во фазите на изградба и работа. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Минималното растојание од трасата на проектот (неговиот почеток) до националната граница е околу 45 km. Поради локалните карактери на теренот на подрачјето од интерес и видовите влијанија од Проектот, не се очекуваат никакви влијанија да се прошират надвор од националните граници. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Во Студијата за ОВЖССА направена е анализа на ризик и План на мерки за вонредни сценарија и несреќи. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Подрачјето од Интерес (ПоИ) е просторното подрачје што може да биде засегнато, во овој случај, од предложениот гасовод. Очигледно е дека ПоИ како функција на аспектите на ЕЖ&СА на предложениот проект и ПоИ ќе се разликува од аспект до аспект. На пример, емисиите на прашина од Проектот најверојатно ќе влијаат на површина од неколку стотици метри од двете страни на гасоводот, додека економските и социјалните придобивки од проектот би се афектирале низ целиот регион или земја. ПоИ за овој проект се дефинирани одделно по аспекти на животната средина во Студијата за ОВЖССА.<br>Бројот на домаќинства и живеалишта, и просечен број на членови на домаќинствата во Вардарскиот плански регион и засегнатите општини, според Пописот во 2021 |

година, е даден табеларно.

| | Број на домаќинства | Просечен број на членови на домаќинството | Број на живеалишта |
|---|---|---|---|
| Вардарски статистички регион | 46,793 | 5.7 | 59,103 |
| Велес | 16,566 | 2.9 | 18,630 |
| Свети Николе | 5,120 | 3.0 | 6,812 |
| Лозово | 795 | 2.8 | 1,183 |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Позитивно влијание врз социо-економските развој на општините, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт.

**Посебни природни карактеристики или културно наследство**

Согласно дописот од **НУ Национален конзерваторски ЦЕНТАР – Скопје** бр. 08-192/3 од 13.05.2024 год. – доставен одговор и топо – карта со информација дека на подрачјето на предметниот проектен опфат и негова непосредна близина се наоѓа недвижно културно добро н.м. Чалошево - Арх.локалитет КУЛА со мат.бр.4-831-088/319 ЕНД и потребно е да се реализира археолошко рекогносцирање на трасата на гасоводот на стационажа од 24+300 до 27+500 со кое ќе се потврди дали на површината од наведената стационажа постојат сочувани содржини од недвижно културно добро. Дополнително не информираат дека за територијата за која е надлежна нивната институција нема изготвено постојна и планирана инфраструктура или урбанистичко плански/проектни документации за третираниот проектен опфат;

Согласно допис од **Национална установа Завод за заштита на спомениците на Културата и Музеј – ШТИП** бр. 08-125/2 од 29.04.2024 год. – Доставено мислење дека според постоечката документација и доставениот допис во планскиот опфат не постои културно наследство во општините кои се во нивна сопственост;

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен

| | |
|---|---|
| | елаборат за заштита на<br>недвижното културно наследство во кој е даден<br>Инвентар на недвижното културно<br>наследство од посебно значење.<br>Согласно постоечката законска регулатива, видови на<br>недвижно културно наследство<br>се: споменици, споменични целини и културни предели.<br>На подрачјето на катастарските општини Ерџелија,<br>Свети Николе и Велес кои се<br>предмет на анализа има евидентирани недвижни<br>споменици на културата (Експертен<br>елаборат):__<br>КО Ерџелија<br>1. Археолошки локалитет "Бела Чука", Ерџелија, римски период;<br>2. Археолошки локалитет "Каменот", Ерџелија, предримски период,<br>3. Археолошки локалитет "Крушка", Ерџелија, доцноримски период,<br>4. Археолошки локалитет "Ќупче - Буниште", Ерџелија, неолит, железно време и<br>антички период,<br>5. Спомен гроб на Ленче Иванова, Ерџелија, 20 век.<br>КО Свети Николе<br>1. Археолошки локалитет "Антарла" (Бела Чука), Свети Николе, доцноримски период;<br>2. Археолошки локалитет "Коочун", Свети Николе, праисторија;<br>3. Археолошки локалитет "Медово Аниште", Свети Николе, среден век;<br>4. Археолошки локалитет "Огради", Свети Николе, предримски период;<br>5. Археолошки локалитет "Сулејманец", Свети Николе, римски период;<br>6. Спомен гроб на Мара Нацева, Свети Николе, 20 век;<br>7. Спомен Костурница, Свети Николе, 20 век;<br>8. Црква Св.Никола, Свети Николе, 1847 год.;<br>КО Велес<br>1. Археолошки локалитет "Венуле", Велес, 4-6 век;<br>2. Археолошки локалитет "Винарска Визба", Велес, римски период;<br>3. Археолошки локалитет "Петрова Чешма", Велес, римски период;<br>4. Археолошки локалитет "Кале", Велес, антика до среден век.<br><br>Согласно допис од **Министерство за животна средина и просторно**<br>**планирање – сектор природа** бр. 11-2869/4 од<br>10.05.2024год. и бр. 11-831/2 од<br>17.03.2025год.<br>Констатирано е дека просторот на предметниот<br>плански опфат не влегува внатре во<br>границите на заштитените подрачја како и во |

| | |
|---|---|
| | идентификувано и Натура 2000 подрачје. Меѓутоа предметниот плански опфат зафаќа дел од Емералд подрачје - Овче Поле, кој е дел од Националната Емералд мрежа, која опфаќа подрачја од посебен интерес за зачувување (ASCI). Овие подрачја се назначуваат со цел зачувување на мрежата на природни живеалишта и се воспоставуваат на територијата на земјите членки на Бернска конвенција (Конвенција за зачувување на дивиот свет |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Со имплементација на мерките кои се предложени во Студијата за ОВЖССА нема да има значителни влијанија врз квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето, ниту надминување на гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | При планирањето на трасата обрнато е внимание да се избегнат урбаните подрачја на населените места како и градежни парцели и објекти кои веќе постојат. Просторот опфатен со проектниот опфат на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за Магистрален гасовод, Делница: Свети Николе – Велес** во најголем дел е неизградено земјиште, додека при инвентаризација во рамки на проектниот опфат регистрирани се и асфалтирани патишта, земјени патчиња, канали и водотеци а на почетокот на трасата евидентирана е постојна издувна свеќа од постоечкиот гасовод - Секција ЛОТ1 Клечовце – Кавадарци, на кој се приклучуваме кај Блок станица 2. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема национални заштитени подрачја или подрачја предложени за заштита во рамките на ПоИ. Во близина на гасоводот на Проектот, има многу села со недвижно културно наследство кои се дел од руралниот културен пејзаж на регионот. Недвижното културно наследство на селата ги вклучува традиционалните и сакралните градби и архитектурата. Нема заштитени културни објекти, споменици и комплекси во селата во близина на гасоводот. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** РСМ има намера да користи природен гас за производство на примарна енергија и затоа развива гасна инфраструктура низ целата земја. Овој проект – изградба на делница Свети Николе – Велес (km 0+000,00 – km 27+674,23) – предвидува изградба на подземен гасовод составен од челични цевки под висок притисок преку кои ќе се транспортира природен гас од мерно регулациони станици, до мрежите за |

| |
|---|
| дистрибуција на гас во градовите и/или индустриски и други големи корисници на гас во областите низ кои минува.<br>Проектот преставува иницијатива и инструмент за заштита и унапредување на квалитетот на живеењето и животната средина. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Во рамки на Студијата за ОВЖССА се детално оценети можните влијанија врз животната средина, за кои се дадени предлог мерки за нивно намалување, ублажување или избегнување, со цел заштита на животната средина. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**<br>**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**<br>Имплементацијата на планската содржина предвидена со проектот ќе допринесе за развој на општините и државата во целост.<br>Но, од аспект на животната средина може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, заради што истите се детално анализирани на ниво на Студија за ОВЖССА и се предложени мерки за нивно намалување, ублажување или избегнување.<br>Од аспект на одржливост, донесувањето на проектот позитивно ќе влијае врз:<br>- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;<br>- Допринос во локалната и национална економија. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Сите влијанија врз медиумите од животната средина се детално анализирани на ниво на Студија за ОВЖССА и се предложени мерки за нивно намалување, ублажување или избегнување. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Овој план е поврзан со:<br>• Просторен план на РМ;<br>• Националната Стратегија за развој на енергетиката;<br>• Национална Стратегија за одржлив развој;<br>• Втор национален еколошки акционен план на РМ;<br>• Стратегија за демографски развој на РМ;<br>• Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;<br>• Стратегија за мониторинг на животната средина. |

| |
|---|
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Нема спроведено претходна оценка на потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ.<br>Проектот е усогласен со Националната Стратегија за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година, која беше предмет на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во кој е даден осврт на можните влијанија врз медиумите на животната средина и дадени се предлог мерки за намалување или избегнување на истите. Целите на Стратегијата прегледани за време на СОЖС вклучуваат префрлување на почисти извори на енергија и развој на мрежи за пренос на гас за да се подобри интеграцијата на енергетската инфраструктура на земјата. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го доставaт до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.<br>Согласно Уредбите за определување на дејности по категории, сметаме дека, овој проект спаѓа во Прилог 1, точка XI-Инфраструктурни проекти, потточка 9. Проекти за изградба на магистрални нафтоводни, гасоводни или продуктоводни инсталации од Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 80/09 и 36/12) и (Сл. Весник на РСМ бр. 233/22). |

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Министер**<br>**Александар Николоски** |
| Бр. 67-4133/ 7<br>Датум: 24.07.2025 год.<br>Место: Скопје | М.П. |